ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 (0) 70 294 024
e-mail: aaleksoska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1401/25**
Дата: **23/01/2025**
Купувач: А.Алексоска
Рок на доставување: **05/02/2025**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 6 + 4

[X] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за **Изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење (урбанистичко решение на земјиште за изградба на енергетски проекти)** во кругот и за потребите на ОКТА АД Скопје, согласно спецификацијата во Прилог 1 која ќе Ви биде доставена по Ваша потврда за учество во тендерот.

**Инструкција за понудувачите:**

**Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на тендерот на е-маил адресите: mmilosheski@helpe.gr и OktaProcurementDepartment@helpe.gr најдоцна до 29.01.2025 год. со цел да Ви ја доставиме комплетната документација за учество на тендерот.**

- Лице за контакт во ОКТА за технички прашања: Маја Бојаџиевска – +389 75 479 488 MBojadzievska@helpe.gr

- **Понудувачите е потребно да направат увид на локацијата со цел да се запознаат со барањата наведени во спецификацијата.**

**НАПОМЕНА:**

- ✓ **Рок на валидност на понуда;**
- ✓ **Да се наведе рок на испорака;**
- ✓ **Лиценци;**

**Инструкција за понудувачите:**
Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја доставаат електронски во **два фолдери**:

**Првиот** фолдер ќе ја носи ознаката **,,КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА„** треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација: -

- Единечни цени во ДЕН со и без вклучен ДДВ согласно табелата наведена во Прилог 1

Комерцијалната понуда треба да се испрати на [OktaProcurementDepartment@helpe.gr](mailto:OktaProcurementDepartment@helpe.gr) задолжително **заштитена со лозинка**. **Лозинката** ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

**Вториот** фолдер ќе ја носи ознаката **,,ТЕХНИЧКА ПОНУДА„** треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

1. Презентација (портфолио) на компанијата со минимум 5 години искуство во урбанистичко планирање;
2. Референтна листа со минимум 3 слични проекти во последните 3 години;
3. Рок на испорака (**макс. 18 месеци**)
4. Валидна лиценца за урбанистичко планирање (овластени урбанисти со соодветни академски дипломи);
5. Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија;
6. Технички пристап и методологија;
7. Тековна состојба не постара од 6 месеци;
8. Тековна состојба на вистински сопственици;
9. Историјат на промени;
10. Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
11. Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
12. Ревизорски извештај доколку компанијата подлежи на ревизија, во спротивно доставува Потврда за бонитет и Финансиски извештаи;
13. Акционерска книга (доколку компанијата е регистрирана како АД);
14. Валиден документ кој прикажува дека компанијата е дел од групација (доколку компанијата е дел од групација).

**Понудувачот исто така има можност да ја достави Понудата во надворешен коверт со назнака:**

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1401/25”**
(наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот, и
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **“ФИНАНСИСКА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 05.02.2025 год.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден

П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Презентација (портфолио) на компанијата со минимум 5 години искуство во урбанистичко планирање;
2. Референтна листа со минимум 3 слични проекти во последните 3 години;
3. Време на испорака (**макс. 18 месеци**).
4. Валидна лиценца за урбанистичко планирање (овластени урбанисти со соодветни академски дипломи);
5. Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија;
6. Технички пристап и методологија;
7. Тековна состојба не постара од 6 месеци;
8. Тековна состојба на вистински сопственици;
9. Историјат на промени;
10. Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
11. Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
12. Ревизорски извештај доколку компанијата подлежи на ревизија, во спротивно доставува Потврда за бонитет и Финансиски извештаи (завршна сметка за 2023-24);
13. Акционерска книга (доколку компанијата е регистрирана како АД);
14. Валиден документ кој прикажува дека компанијата е дел од групација (доколку компанијата е дел од групација).

**Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

1. Понудата која треба да ја содржи Спецификацијата дадена како прилог кон ова Барање, со пополнети единечни цени изразени во ДЕНАРИ без ДДВ (понуди во друга валута нема да се разгледуваат).

**Евалуација на понудите:**

Предлозите на понудувачите ќе бидат оценувани од комисија за евалуација во следните две (2) фази.

**Фаза I: Техничка евалуација**

Во првата фаза понудувачите ќе се оценуваат врз основа на:

- Време на испорака (макс. 18 месеци – да се потврди);
- Референтна листа мин. 3 во последните 3 години;
- Лиценци;

Обезбедени од учесниците со цел да се потврди усогласеноста со техничките барања.

Во првата фаза се проверуваат придружните документи (технички), поднесени од учесниците за да се потврди усогласеноста со техничките барања.
ОКТА АД го задржува правото да побара од понудувачите да доставaт дополнителни документи. Доколку соодветните придружни документи не се доставуваат навремено, ОКТА АД го задржува правото да ја одбие соодветната понуда.
За време на процесот на евалуација на понудата, од понудувачите може да се побара да одговорат на прашања и да дадат дополнителни информации за нивната понуда.
Понудувачите ќе треба писмено да одговорат најдоцна во рок од три (3) работни дена од денот на приемот на прашањето; во спротивно, ОКТА АД го задржува правото да ги одбие понудите на понудувачите кои не одговориле навреме.

**Фаза II: Финансиска евалуација**
Само понудувачите кои ќе бидат оценети позитивно во секоја фаза имаат право да бидат евалуирани во следната фаза.
Сите понуди кои што не се во согласност со условите на ова Барање за понуда може да бидат одбиени и нивниот плик со финансиската понуда ќе остане запечатен.

**Пенали за неизвршување на услуги**
За да се обезбеди успешно завршување на проектот, ќе се применуваат следните казнени клаузули во случај компанијата - понудувач да не ги исполни своите обврски како што е опишано:

**Одложувања на проектот предизвикани од компанијата - понудувач**
• Дефиниција: Неуспехот на изведувачот да се придржува до договорената временска рамка за Новиот урбанистички план (на пр., доцнење во известувањето, доцнење во поднесувањето на документацијата, инспекции или потпишување) предизвикува доцнење во целокупниот распоред на проектот.
• Пенал: одбиток од 5% од вкупниот договор за секоја недела доцнење што му се припишува на изведувачот.
• Максимален пенал: До 10% од вкупниот износ на договорот.

**Банкарска гаранција**
• Во рок од 15 календарски дена по потпишувањето на договорот, успешниот понудувач ќе достави до ОКТА Гаранција за квалитетно и навремено извршување на работата во износ од 10% од вредноста на доделениот договор. Формуларот за гаранција за успешност е прикачен во Образецот на понуди. Доколку понудувачот сака да достави неотповиклива, безусловна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работата прво во друга форма, понудувачот треба да го вклучи предложениот формулар во својата техничка понуда за да добие одобрение од ОКТА. ОКТА го задржува правото да го одобри или одбие предложениот нацрт на банкарска гаранција за успешност обезбедена од понудувачите.
• Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на работата мора да ја обезбеди успешниот понудувач во форма на банкарска гаранција од локална банка на англиски јазик. Изборот на Банката е предмет на одобрување на ОКТА.
• ОКТА го задржува правото да побара замена на Банкарската гаранција доколку, за време на траењето на договорот, оцени по сопствена дискреција дека кредитната способност на Банката која ја издала Банкарската гаранција се влошува.

• Гаранцијата за добро квалитетно и навремено извршување на работата ќе важи до 30 (триесет) дена по датумот наведен во Понудата како ден кога вршителот на работата се обврзува да ја заврши работата.

**Валидност**
Доставените Понуди ќе важат за период од три (2) месеци од крајниот рок за поднесување.

**Завршни одредби**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Понудувачот ќе достави достави фактура до клиентот за време од пет (5) работни дена по испорака на услугата.Клиентот (ОКТА) е должен да ја плати фактурата во период од 40(четириесет) дена од денот на фактурата. Давателот на услуги (понудувачот) е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги(Клиентот), плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешиот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудените цени ќе останат непроменети во текот на важноста на Договорот.Со најповолниот добавувач ќе се склучи договор (отворена нарачка).
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
- ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
- По завршување на постапката, но не пред потпишување на договор со избраната компанија, ОКТА АД ќе ги извести учесниците чии понуди се одбиени. Сепак, ОКТА АД не е обврзана да го објаснува одбивањето на нивните понуди или да дава какви било информации во врска со резултатите од евалуација на понудите.
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обрска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора нужно да биде најниската понуда, да ги одбие понудите што ги смета за незадоволителни, да ги отповика или да го откажете тендерот.
- ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во Барањето за понуди, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот.
- Информациите во врска со евалуацијата и споредбата на понудите и препораките за доделување договор нема да бидат откриени на понудувачите или на кое било друго лице кое не е официјално вклучено во тој процес. Секој обид на понудувачот да влијае на

обработката на понудите или на одлуката за доделување на ОКТА ќе резултира со итна дисквалификација на неговата понуда.

- Компаниите-учесници треба да управуваат со сите информации обезбедени од ОКТА АД Скопје со оваа покана строго како крајно доверливи и нема и под никакви околности да ги користат за други цели освен подготовка на нивните понуди за учество на оваа покана.
- ОКТА АД Скопје нема да ги надомести компаниите-учеснички за ниту еден од нивните трошоци за подготовка и доставување на нивните понуди и за договарање на договорите, вклучително и какви било посети на индустриските и градежните капацитети на ОКТА.
- Компаниите кои учествуваат во процесот на оваа покана и поднесуваат понуда, без разлика дали нивната понуда е конечно прифатена или не, нема да стекнат никакво право против ОКТА АД Скопје од оваа покана и нивното учество во неа.
- Доколку во постапката за управување со ризици (која ОКТА ќе ја спроведе откако понудувачот ќе ја достави дополнителната документација која од него ќе се бара како најповолен понудувач) се утврди дека понудувачот не ги исполнува правните и финансиските услови утврдени согласно интерните акти на ОКТА, ОКТА има дискреционо право, без дополнително образложение да одбие да пристапи кон потпишување на договор, и да го додели договорот на друг, а за што ќе го извести понудувачот.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-меиловите: **OktaProcurementDepartment@helpe.gr**

Поздрав,
Ангела Алексоска

Раководител на набавки
Мартин Милошески